Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Игор Томовски од Куманово УП2 09-377/23 од 25 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1000 од 14 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1000 од 14 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Игор Томовски од Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-377/23 од 25 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1000 од 14 декември 2023 година на КЕЦ Куманово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок за пумпа за наводнување.

Жалителот потенцира дека во близина има неодамна приклучени викенд-куќи.

Според Електродистрибуција – падот на напонот е dU = 20,67%, а моќноста на куса врска Sk3= 120kVA и нема можност да се обезбеди сигурно и квалитетно снабдување со електрична енергија според барањето на корисникот. Нема потенцијални баратели на приклучок во регионот, а КП е на повеќе од 300 метри од нисконапонската мрежа.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 16 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-377/23 од 25 декември 2023 година со прилог:

-Решение за запишување на земјоделско стопанство

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 9 јануари 2024 година со прилог:

-GIS скица

-Барање за согласност за приклучок

-Одобрение за градење
-Имотен лист

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, вредностите на падот на напонот се над дозволените граници, а и парцелата е релативно далеку од постоечката напојна нисконапонска мрежа.

Согласно член 74 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22) техничките карактеристики на местото на приклучување во дистрибутивниот систем подразбираат технички услови кои се однесуваат на отстапување на напонот.

Согласно ставот (2) од истиот член, корисник кој бара приклучок на дистрибутивната мрежа на местото на приклучување мора да ги исполни техничките услови од став (1) од овој член.

Согласно член 76 став (2) точка 1), пропишаните граници на отстапување од номиналниот напон во нормален режим на работа се ±10% за низок напон (0,4 kV).

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–377/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**